РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 08-219
26.08.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 82 став 1 алинеја 5 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), а во врска со член 15 ставови 1 и 6 и член 29 став 2 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13 и 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.63/24 и 74/24), член 51 став 1 и став 3 и член 52 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија”, бр.124/15), член 28 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.96/19), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-219 од 06.08.2024 г. за покренување постапка за одземање и Предлогот Уп1 бр.08-219 од 19.08.2024 г. за донесување одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-3508/2 од 26.08.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 33-та седница одржана на 20.08.2024 г. донесе

# ОДЛУКА
## за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО – ФМ ДОО Гостивар

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО – ФМ ДОО Гостивар, затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што и во дополнителниот рок не ги исполни законските обврски и до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година.
2. Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”, на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.
3. Оваа Одлука е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, е имател на дозвола за радио емитување, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 г., за емитување преку терестријален предавател, на локално ниво, за подрачјето на општина Гостивар, програмски сервис музичко радио од општ формат, на албански јазик.

Согласно член 15 став 1 од Законот за медиуми (ЗМ), радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година на посебен образец пропишан од страна на надлежното регулаторно тело да му доставаат податоци за: сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и

местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, податоци за одговорниот уредник/уредници, податоци за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), податоци за остварените вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста и податоци за просечната гледаност или слушаност на радиодифузерот во претходната година.

Согласно член 27 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), Агенцијата врши административен надзор, кој се врши на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него (член 29 став 1 од ЗАВМУ).

Агенцијата, преку Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, изврши административен надзор на работењето на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, од аспект на исполнување на обврската од член 15 став 1 од ЗМ, при што по извршениот редовен административен надзор, во Писмениот извештај за извршен административен надзор (арх.бр.03-2120/1 од 29.04.2024 г.), констатираше дека наведениот радиодифузер не ја исполнил обврската од член 15 став 1 од ЗМ, односно дека до Агенцијата не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година.

Следствено на претходно наведеното, Советот на Агенцијата на 25-та седница одржана на 31.05.2024 г., донесе Решение за преземање мерка – јавна опомена Уп1 бр.03-167 од 31.05.2024 г., со кое јавно го опомена ТРД РАДИО ПРО - ФМ ДОО Гостивар, заради извршена повреда на член 15 став 1 од ЗМ и му наложи во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ, како и дека по истекот на рокот од 45 (четириесет и пет) дена, ќе се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали радиодифузерот постапил по Решението.

Агенцијата, преку Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, изврши контролен административен надзор, по кој во Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор арх.бр.03-3244/1 од 24.07.2024 г., беше констатирано дека радиодифузерот не постапил по изречената мерка – јавна опомена и не ја исполнил обврската од член 15 став 1 од ЗМ.

Во член 15 став 6 од ЗМ е пропишано дека доколку издавачот на медиум и во дополнителниот рок не ги изврши обврските предвидени со овој член, надлежното регулаторно тело ќе ја одземе дозволата за радио емитување согласно со ЗАВМУ.

Во член 29 став 2 од ЗМ е пропишано дека мерките кои надлежното регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во ЗАВМУ, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од овој закон.

Во член 23 став 1 алинеја 3 од ЗАВМУ утврдено е дека доколку се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти, донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, Советот на Агенцијата може да преземе мерка - одземање на дозволата.

Согласно член 82 став 1 алинеја 5 од ЗАВМУ, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за радио емитување, пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку по издавањето на дозволата ќе настанат околности што претставуваат законски пречки за imателот на дозволата да ја врши дејноста.

Постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, согласно член 83 став 1 од ЗАВМУ ја покренува Советот по предлог на директорот на Агенцијата.

Со оглед на утврдената фактичка состојба, согласно која имателот на дозволата, ТРД РАДИО ПРО - ФМ ДОО Гостивар, не постапи по изречената мерка – јавна опомена и во дополнителниот рок не ја изврши обврската од член 15 став 1 од ЗМ, овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата, врз основа на член 15 став 6 од ЗМ, член 82 став 1 алинеја 5 од ЗАВМУ и член 83 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, достави Предлог Уп1 бр.08-219 од 06.08.2024 г. за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО - ФМ ДОО Гостивар.

Советот на Агенцијата на 32-та седница одржана на 07.08.2024 г., согласно Заклучокот, арх.бр.02-3384/2 од 07.08.2024 г., го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-219 од 06.08.2024 г., за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО - ФМ ДОО Гостивар.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД РАДИО ПРО - ФМ ДОО Гостивар, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 г., а согласно член 82 став 1 од ЗАВМУ, Агенцијата испрати Известување до наведениот радиодифузер (Уп1 бр.08-219 од 08.08.2024 г.), во кое му беше укажано дека доколку до Агенцијата не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година, согласно член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-219 од 06.08.2024 г., ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола за радио емитување, по што согласно член 85 став 2 од ЗАВМУ, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери.

Известувањето Уп1 бр.08-219 од 08.08.2024 г., беше доставено во писмена форма по препорачана пошта до ТРД РАДИО ПРО - ФМ ДОО Гостивар. Воедно, Агенцијата на 08.08.2024 г. го испрати дописот и во електронска форма на официјалната електронската адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на РСМ и во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

Во согласност со член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата ТРД РАДИО ПРО - ФМ ДОО Гостивар, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 г. и во рокот од 15 (петнаесет) дена, од денот на приемот на Предлогот Уп1 бр.08-219 од 06.08.2024 г., од страна на членовите на Советот на Агенцијата, не ја исполнил обврската предвидена во член 15 став 1 од ЗМ, директорот на Агенцијата, достави Предлог бр.08-219 од 19.08.2024 г. по кој Советот на Агенцијата врз основа на член 82 став 1 алинеја 5 и член 83 став 3 од ЗАВМУ, а согласно Заклучокот на Агенцијата, арх.бр.02-3508/2 од 26.08.2024 г., донесе Одлука со која се одзема дозволата, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 г. за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО - ФМ ДОО Гостивар, затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што и во дополнителниот рок не ги исполни законските обврски и до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година.

Согласно член 84 од ЗАВМУ, Одлуката за одземање на дозволата за радио емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука за одземање на дозволата, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО – ФМ ДОО Гостивар, има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Сектор за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО – ФМ ДОО Гостивар;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО – ФМ ДОО Гостивар и
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.